Врз основа на членот 36 став (1) точка 1 и точка 15, а во врска со член 22 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 15.12.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КОЧАНИ ВО 2024 ГОДИНА

( согласно Стручен елаборат од „Центарот за јавно здравје“ Кочани )

## I.

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се донесува согласно член 11 и 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести и член 22 точка 9 од Законот за локалната самоуправа. Целта на ова програма е организирано спроведување на општи превентивни мерки за да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести кај населението на подрачјето на Општина Кочани. Со Програмата се утврдени активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки. Општите мерки и активности ги организира и следи Локалната самоуправа, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ – Кочани.

За заштита на населението од заразни болести во 2024 година ќе се спроведат вообичаените општи и вонредни мерки:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење;
2. Обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби;
3. Обезбедување санитарно-хигиенски и други услови во објектите за производство и промет на храна;
4. Обезбедување хигиено-технички услови во училишните и предучилишни установи;
5. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и други јавни површини;

### 1. Обезбедување на безбедна вода за пиење

Водата има приоритет во обезбедувањето на основни услови за живот. Организираното водоснабдување, како дејност од јавен интерес е слика на општествениот стандард и значаен предуслов за заштита од заразни заболувања и добро здравје. Од тука и во 2024 година примарната грижа на Општина Кочани ќе биде насочена кон обезбедување на населението со доволни количини на здравствено безбедна вода за пиење, намалување на загубите на вода на минимум и услови за непрекинато и удобно користење на водата за пиење.

### 1.1. Водоснабдување од регионалниот водовод - Кочани

Со Одлуката за комунален ред на Општина Кочани донесена од Советот на Општина Кочани организираното водоснабдување на населението го врши КЈП „Водовод” - Кочани.

Согледувајќи го проблемот со големите губитоци на вода од регионалниот водовод Кочани и високите трошоци за препумпување на водата, КЈП „Водовод" во 2024 година ќе продолжи со спроведувањето на активностите за:

- подобрување на мрежната инфрастриктура и замена на старите вентили и дотраени водоводни цевки;
- испирање на водоводната мрежа, особено во ниските зони;

- постојано стручно усовршување на одговорниот кадар за имплементација на воспоставениот HACCP систем за контрола на безбедноста на водата;
- редовен мониторинг на состојбата на водоводните објекти и здравствената исправност на водата и информирање на корисниците за квалитетот и безбедноста на водата;
- работа на проекти за подобрување на системот за водоснабдување.
- спроведување на промотивни и други активности за користење на вода за пиење од Оризарска река.

За испитување на квалитетот и исправноста на водата за пиење од регионалниот водовод, КЈП „Водовод“ Кочани спроведува тендерска постапка за избор на економски оператор кој ќе врши испитување на квалитетот и исправноста на водата за пиење од регионалниот водовод. За извршеното испитување на квалитетот на водата КЈП „Водовод“ Кочани подготвува посебна годишна информација за безбедността на водата од регионалниот водовод во општина Кочани која се доставува до Советот на Општина Кочани. Услугите за испитување на квалитетот на вода од регионалниот водовод се финансират од средствата на КЈП „Водовод“ Кочани.

### 1.2. Водоснабдување од други јавни водоснабдителни објекти

Прописите кои се поврзани со водоснабдувањето (Законот за вода, Законот за комунални дејности и другите прописи за водоснабдување) пропишуваат со јавните водоснабдителни објекти да стопанисуваат јавни претпријатиа или други правни лица. ЦЈЗ Кочани препорачува како квалитетно решение КЈП „Водовод“ Кочани постепено да го превземе јавното водоснабдување на територијата на целата општина.

Во 2024 година ќе се продолжи со спроведување на редовни увиди на извориштата на јавните водоснабдителни објекти. Ќе се испитат вкупно 58 примероци на вода за пиење од јавни изворишта, и тоа:

- 4 пати годишно ќе се следи квалитетот на водата од јавните водоводи на 5 планински села (Полаки, Нивичани, Лешки, Јастребник и Пантелеј) (4 x 5 = 20 анализи),
- 4 пати годишно ќе се следи квалитетот на водата за пиење од 6 јавни изворишта на подрачјето на Кочани (Усова чешма, Белска чешма, Минова чешма, Партизанска чешма, Милева помпа и помпата кај Бавчалак) (4 x 6=24 анализи) и
- 2 пати годишно ќе го следи квалитетот на водата од 7 јавни чешми во планинскиот терен: (две чешми во с. Рајчани, една чешма во с.Лешки, Шарена чешма, Арнаутска чешма, Партизанска чешма кај Пониква и чешма кај Преслап. (7 x 2 =14 анализи).

  По потреба ќе се врши испитување на други води наменети за пиење.

ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ согласно анализите дава насоки и препораки за преработка и дезинфекција на водата од јавните водоснабдителни објекти, каде истото е изводливо. Еднократното хиперхлорирање е од времен карактер и дезинфекцијата на водата е за ограничен временски период. Затоа во иднина се препорачува хлорирањето на водоводните објекти каде да се извршува континуирано со поставување на хлоринаторни станици, онаму каде го дозволуваат условите.

Услугите за оценка на квалитетот и здравствената исправност на водата од планинските селски водоводи и други јавни извори во населени и надвор од населени места ќе се финансираат со средства од Буџетот на Општина Кочани.

## 2. Обезбедување на исправна вода за рекреативни употреби

**2.1**. За оценка на исправноста на водата од градскиот базен во сезоната на употреба, еднаш неделно, ќе се испитува по еден примерок вода од големиот и малиот базен. Со резултатите ќе се доставува мислење за исправноста и за евентуалните мерки за подобрување. Спроведувањето на ова контрола ќе го врши КЈП „Водовод” Кочани.

**2.2.** Согласно Законот за води, водите што служат за рекреација треба да бидат заштитени од загадување и испитувани. Кочанска река, на потегот од акумулацијата „Гратче“ до местото на испуштање на комуналните отпадни води е категоризирана од прва до четврта класа според физичко хемиските и бактериолошките анализи (Уредба за категоризација на водотеците „Службен весник на Република Македонија“ бр.18/99). Досегашните испитувања на ЈЗУ ЦЈЗ Кочани потврдуваат дека по однос на микробиолошките параметри Кочанска река на спомнатиот потег се рангира во четврта и пета класа. Затоа реката по акумулацијата „Гратче“ не смее да се користи за рекреативни потреби. Во тековната година ќе продолжи анализирањето на површински води од езерото „Градче“, Кочанска Река и Оризарска Река. Испитувањата се неопходни, за да се утврди квалитетот на површинските води и можноста за спортски активности и рекреативно капење, и да се одбележи местото за капење.

**3. Обезбедување на санитарно- хигиенски и други услови во објектите за производство и промет на храна.**

Во согласност со одредбите од Законот за безбедност на храната, ЈЗУ ЦЈЗ Кочани ќе спроведува:

- консултантски услуги за воспоставување и примена на HACCP систем за контрола на безбедноста на храната;
- здравствени прегледи на вработените лица што работат со храна;
- едукација на вработените за хигиена на храната и заштита на животната средина;
- превентивни ДДД мерки;
- лабораториски испитувања на храна и на брисеви од раце на вработени и површини кои доагаат во контакт со храна (садови, прибор за јадење, работни маси за работа со храна).

  *Оваа активност ја врши ЈЗУ ЦЈЗ Кочани на угостителски објекти и објекти за производство и промет на храна. Трошоците се на товар на угостителските објекти.

**4.Обезбедување на хигиено-технички услови во предучилишни и училишни установи**

**4.1.** За заштита на децата и учениците од цревни и други заразни заболувања ќе продолжат редовните контроли на училишните и предучилишни установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје во континуитет од 1(еднаш) годишно за училишта и 2 (два) пати годишно во секој од клоновите на детската градинка „Павлина Велјанова” Кочани. Ќе се врши хигиено – технички контроли (увиди) на училишните и предучилишни установи.

**4.2. Следење на безбедност на храна во предучилишни установи**

Со цел да се превенираат болестите поврзани со небезбедна храна ќе се врши лабораториска контола на храната и чистотата на објектите во кои се приготвува храна за деца сместени во предучилишната установа. Активностите ќе се извршуваат согласно Правилникот за микробиолошка безбедност на храна и упатството изработено од ИЈЗ на РМ

**4.3. Следење на биолошкиот квалитет на исхраната во предучилишни установи**

Биолошкиот квалитет на исхраната вклучува испитување на енергетската вредност, како и содржината на макронутриенси (јаглени хидрати, масти и протеини) и микронутриенси (витамини и минерали) во единица оброк кој се користи во исхраната на популациите опфатени со следењето.

Центарот за јавно здравје, Кочани, по утврдена методологија базирана на база на податоци за состав на храната, ќе ја испитуваат нутритивна вредност на исхраната која се подготвува во овие установи, и тоа:

- во предучилишната установа ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ ќе се испитуваат по пет дневни оброци во 4 сезони (пролет, лето, есен, зима);

Индикатор за следење: На крајот од годината ќе биде изготвен Годишен извештај за квалитетот на исхраната во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“, и ќе биде доставен до градинката и до Општина Кочани.

* Трошоците од точка 5 за следење на биолошкиот квалитет на исхраната во предучилишни установи се на товар на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани.

**5. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во населените места и други јавни површини**

Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи; во објекти за производство и промет на храна, зелени пазари, станици за патнички сообраќај, канализации, депонии и друго.

5.1. Превентивна дезинфекција

Јавните установи, КЈП „Водовод” Кочани и субјектите кои работат со храна, согласно Законот, на секои 6 месеци ќе вршат превентивна дезинфекција, во соработка со овластена установа.

** Трошоците за истите се на товар на секоја институција посебно.*

5.2. Превентивна дезинсекција

62.1. Превентивна дезинсекција од летечки и лазечки инсекти ќе спроведуваат во летниот и есенски период сите објекти за храна, со примена на ХАСАП мерките на претпазливост.

5.2.2. Општина Кочани планира да спроведе **две авионски третирања, 2 (две) ларвицидни и 3 (три) теристички прскања со водно растворлив широкоспектарен инсектициден препарат.**

Авионското прскање се планира на вкупна површина од околу 3400 хектари.Теристичките прскања се со опфат од по 300 хектари, во населените места од полскиот и ридскиот дел на општината.

Авионското, теристичкото и ларвицидното третирање ке се спроведат во периодот од март до крајот на септември.

За порационална општа дезинсекција, се препорачува со авионско третирање на комарците да бидат опфатени и соседните општини: Виница, Зрновци, Чешиново-Облешево истовремено.

Ларвицидното третирање на комарците, која е најдиректна и најефикасна метода, ќе се изврши во 2 наврати и тоа од месец март до месец јуни. Истото ќе се врши по течението на Кочанска река од градот кон брана „Гратче“, така и низводно од градот и на локации со застојни води. За ова третирање ќе се употребат 30 килограми ларвицидно средство за површина од 12 ха ( по 2,5 кг. по хектар) а ќе се третира во два наврати, еднаш на почеток на март и еднаш во месец април или.

Рачно третирање на зелени површини против инсекти (комарци, крлежи...) по потреба. Дезинсекцијата се планира по барање на Општината пред одредени манифестации кои се од интерес и се одвиваат на јавни површини. Четири дезинсекции на површина од 2000 м2 до 5000 м2.

5.3. Превентивна дератизација

5.3.1. Општина Кочани на подрачјето на општината ке спроведе општа дератизација, два пати годишно, пролетна и есенска дератизаија, во април и во ноември со по 250 кг кумарински препарат (за едно третирање) односно вкупно 500 кг. кумарински препарат (за две третирања годишно), на следниот начин:

- третирање на градската депонија, двапати со 10 кг. на кумарински мамци и
- третирање на канализационите системи во Кочани, Оризари, Прибачево, Грдовци, Мојанци, Горни и Долни Подлог и Тркање, со 240 кг на кумарински мамци (од кои 100 кг за Кочани + 140 кг за селата (7 села по 20 кг.).

5.3.2. Согласно Законот за заштита од заразни болести и Законот за безбедност на храната, правните лица кои работат со храна ќе спроведуваат континуирана дератизација, за да ја заштитат храната од загадување.

6.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението
Центарот за јавно здравје Кочани секојдневно ке врши советување на лица заболени од заразна болест, за која е доставена Пријава за заразно заболување. Во зависност од случувањата ќе се спроведуват и типизирани предавања на учениците од основното и средното образование за заштита од заразни болести.

- ❖ *Оваа активност спаѓа во надлежноста на ЈЗУ ЦЈЗ Кочани и не носи трошоци за општината и училиштата.*

7. Средства за реализација на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести

| Ред. бр. | Програмски активности и потребни финасиски средства | **Средства од буџетот на Општина Кочани** | Средства од буџетот на други корисници |
|---|---|---|---|
| 1. | **Следење на безбедноста на водите за пиење од други јавни водоснабдителни објекти:хемиски и бактериолошки анализи (58 анализи х 1900ден)** | 110.200,00 | |
| 2. | **Контрола на водата за капење (13 анализи х 1900=24.400)** | 24.700,00 | |
| 3. | Анализа на биолошка вредност на храната во ЈОУДГ Павлина Велјанова Кочани | | 2.500,00 |
| 4 | **Авионско третирање на комарци вкупно 3.400 ха (2 пати по 1.700 ха) х 450 денари со ддв/ха** | 1.530.000,00 | |
| 9 | **Терестичко третирање на комарци Вкупно 900 ха (3 пати по 300 ха) х 400 денари без ддв** | 360.000,00 | |
| 10 | **Ларвицидно третирање на комарци Вкупно 12 ха (2 пати по 6 ха) х 4.000 без ддв** | 48.000 | |
| 11 | **Рачно третирање на зелени површини против инсекти 5000 м2 х 12 денари** | 60.000 | |
| 12 | **Општа дератизација 500 кг. кумарински препарат х 600 денари без ддв** | 300.000,00 | |
| | | **2.437.900,00 денари** | 110.500,00 денари |

II.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-2209/1 Претседател
15.12.2023 година на Советот на Општина Кочани,
К о ч а н и Лазо Митев